Врз основа на член 5 од Одлуката за востановување Фонд на наградата „4-ти Ноември" („Службен гласник на Општина Битола" бр.6/98), член 16 став 1 алинеа 5 од Статутот на Општинскиот фонд („Службен гласник на Општината Битола" бр.7/99) а во врска со член 7 став 1 од Правилникот за организација на работата на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември" на Општината („Службен гласник на Општината Битола" бр.7/99 и 5/02), Управниот одбор на седницата одржана на ден 11.09.2026 година, распишува

**К О Н К У Р С**
**за доделување на наградата „4-ти Ноември"**
**на Општината Битола за 2026 година**

1. Наградата „4-ти Ноември" на Општината Битола се доделува на физички и правни лица како знак на општествено признание за значајни остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, воспитанието и образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и други сегменти од животот, трудот и творештвото, што претставуваат посебен придонес за развојот на Општината, Република Северна Македонија и светот.

2. Наградата се доделува во две категории:
а) едногодишна за достигнувања во периодот од 01.08.2025 до 31.07.2026 година;
б) за животно дело што претставува заокружена, континуирана творечка целина.

3. Наградата за првата категорија се доделува на правни и физички лица, додека, пак, наградата за животно дело се доделува само на едно физичко лице.

4. Наградата за правни лица се доделува во вид на диплома, за поединци во вид на диплома и паричен износ, а наградата за животно дело се доделува во вид на диплома и паричен износ.

5. Право на предлагање кандидати за наградата имаат правни лица, здруженија на граѓани, група граѓани и поединци.

6. Предлогот за наградата треба да биде детално образложен во писмена форма, во 10 примероци, а за кандидатите поединци да содржи и кратка биографија.

7. Кон предлогот за доделување на наградата за печатени или снимени творби, се приложува и еден примерок од нив.

8. Конкурсот трае од **11.09.2026 година до 12.10.2026 година, до 15:30 часот.**

9. Предлозите се поднесуваат до **Управниот одбор на Фондот за Наградата „4-ти Ноември" на Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај"бр.61 Битола – канцеларија бр.10, зграда на општинскиот инспекторат.**

Бр.09-150/1
11.09.2026 год.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор,**
**Бојан Бојкоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА ... ОПШТИНА БИТОЛА